# Јавен повик за дигитален асистент базиран на вештачка интелигенција за потребите на програмите за државна помош на Владата на Република Северна Македонија реализирани преку Планот за економски раст

Влада на Република Северна Македонија

ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

## Која е целта на повикот?

Преку овој повик, Фондот во соработка со Кабинетот на вицепремиерот задолжен за економски прашања при Владата на Северна Македонија, организира предизвик за креирање на иновативни решенија со кои се олеснува комуникацијата помеѓу корисникот и компјутерот и кои ќе понудат уникатно искуство на клиентите кои се национални и меѓународни компании и инвеститори, кои користат државна помош според Законот за финансиска поддршка на инвестиции ( Службен весник на РМ, бр. 83 од 8.5.2018 година).

Што се придобивките за граѓаните?

- Брз пристап до податоци од јавен карактер
- On-line поднесување на барање за приговор
- On-line доставување на образец
- Заштеда на време
- Помош на мајчиниот јазик на корисникот
- Ослободување од традиционалниот начин на комуникација преку телефонски повици и е-пошта.

Какви решенија поддржувате?

Дигиталниот асистент за АИ треба да го опфати Планот за економски раст на Владата на Република Северна Македонија кој се реализира преку трите столба:

Столб I: мерките за поддршка на инвестиции преку Владата на Република Северна Македонија

Столб II: мерки за поддршка на конкурентност преку Владата на Република Северна Македонија

Мерките за поддршка на иновативноста кои се реализираат преку инструментите и предизвиците на Фондот за иновации и технолошки развој.

...

Кои карактеристики треба да ги поседува дигиталниот АИ асистент?

- Способен за брзо учење
- Персонализирани и можат да го прилагодат својот јазик и тон врз основа на контекст
- Способен да се справи со сложено барање
- Способен да разбере и да одговори на македонски, албански и англиски јазик со голема прецизност на природен начин и да се справи со повеќе прашања

- Безбедност и транспарентност во однос на податоците кои ги собираат и ги користат
- Објаснува и користи образложени форми на АИ што им овозможуваат на тимовите да ја подобрат услугата
- Фокусиран на овозможување на услуги засновани на знаење
- Можност да пренесува информации преку различни канали за поддршка

- Лесно се ажурира во реално време, без нарушување на другите каталози на податоци и без никакви прекин
- Способен за пренесување на задачата на човечки агент во рамките на истиот разговор кога некое барање е надвор од неговата база на знаење
- Ракување со билети за поддршка
- Да им помогне на корисниците да се запознаат со достапните програми и да обезбеди чекор по чекор водич за корисниците кога аплицираат за владините програми

- Овозможи услуга на македонски, албански и англиски јазик
- Обезбеди 24/7 достапност и непосредна пристапност до граѓаните преку Facebook Messenger, Viber и Web
- Разговор на природен начин, да го разбере контекстот на разговорот и одговори на секакво прашање

Каде можам да ја пронајдам целосната листа на карактеристики?

Целосната листа на карактеристики е достапна на https://fitr.mk/digitalAI

Влада на Република Северна Македонија
ФИТР Фонд за иновации и технолошки развој

Кое е времетраењето на проектот?

Имплементацијата на проектот може да биде во времетраење од вкупно 24 месеци:
12 месеци за развој и имплементација и 12 месеци за одржување и надградба.

Фондот врз основа на оправдани околности може да одобри продолжувања на спроведувањето на проектот до 6 (шест) месеци.

Колкав е буџетот на проектот?

За финансирање на проект во рамки на овој повик обезбеден е вкупен буџет од 9.000.000 (милиони) денари.

За победничкиот предлог проект, Фондот обезбедува финансирање од 100% (сто проценти) од вкупниот буџет за проектот, во максимален износ од 9.000.000 (девет милиони) денари.

Кој може да аплицира?

Натпреварувачот треба да биде правен субјект кој ги исполнува следните услови:

- Да е трговско друштво основано согласно Законот за трговски друштва и регистрирано во Централниот регистар на Република Северна Македонија;
- Да е со мнозинска македонска сопственост (со 50,1% или повеќе);
- Годишните приходи на претпријатието да не надминуваат 10.000.000 (десет милиони) евра во претходните две фискални години, според финансиските извештаи;
- Да е претпријатие со максимум 250 вработени;

Целосната листа на услови е достапна на https://fitr.mk/digitalAI

👍

Кои активности треба да ги опфати предлог-проектот?

- Предлог-проектот треба да опфати активности за развој на ново, иновативно решение во фази од потврден концепт до решение функционално во реална средина.
- Натпреварувачот треба да има искуство и референци од претходно изработени и докажани решенија за виртуелен асистент базиран на АИ на македонски, албански и англиски јазик, во земјата и странство.

Активностите може да вклучуваат:

- Активности за тестирање;
- Дизајн;
- Активности за истражување и развој;
- Активности за тренирање и ретренирање на дигиталниот асистент за АИ

Кои трпошоци се подобни за финансирање?

- Бруто плати - износите на бруто плати за вработените лица ангажирани на проектот треба да соодветствуваат на воспоставените практики на корисникот на наградата пред почетокот на проектот;
- Набавка и/или изнајмување на опрема и потрошни материјали за истражување и развој (набавка и/или изнајмување на сервер, хостинг и сл.);

…

- Ангажирање на експерти/советници за истражување и развој;
- Ангажирање на консултанти за останати потреби директно поврзани со очекуваните резултати на предизвикот
- Обезбедување на квалитет, стандардизација и акредитација.

Целосната листа може да ја најдете на https://fitr.mk/digitalAI

👍

Кои се критериумите зе селекција и избор?

Главните критериуми за оценување на предлог проектите се:

- Степен на иновативност
- Капацитет на проектниот тим
- Квалитет на проектот
- Потенцијал за имплементација / пазарен потенцијал
- Влијание

Кој ја сочинува комисијата за селекција и избор?

Комисијата за оценување и избор е составена од :

- Двајца (2) претставници од партнерската институција
- Двајца (2) експерти во областа на предизвикот
- Еден (1) претставник на Фондот

Која е постапката за селекција и избор?

- Административна проверка на проектната документација (дали е комплетна и во согласност со условите за подобност наведени во јавниот повик)
- Прва оцена на предлог-проектот (пред-селекција)
- Селекција на најдобри предлог-проекти

- Пичинг односно презентација на пред-селектираните предлог-проекти пред Комисијата за оценување и избор
- Избор на победничко решение и потпишување на договор.

Како да аплицирам?

При аплицирање задолжително треба да се доставaт следниве документи:

- Проектна документација (која треба да е потпишана од овластен претставник на Натпреварувачот и печатирана, а достапна е преку веб страницата на Фондот):
- проектна апликација
- буџет на проектот
- изјава на Натпреварувачот за прифаќање на условите на Фондот
- нотарски заверена изјава за сопственичка – основачка структура на Натпреварувачот
- кратки биографии за проектниот тим (најмногу до 5 (пет) лица) на Македонски јазик.

Целокупната документација треба да биде доставена на македонски јазик.

Дали ќе организирате менторски сесии за овој предизвик?

Со цел да ви помогнеме при подготовка на предлог проектите, за времетраење на повикот Фондот ќе организира инфо-настани со претставници на Фондот и Кабинетот на вицепремиерот задолжен за економски прашања при Владата на Северна Македонија и менторски работилници. Информациите за овие активности ќе бидат навремено објавувани на веб-страната на Фондот, како и на официјалните профили на Фондот.

До кога е рокот за пријавување?

Рокот за аплицирање на јавниот повик е до 20.09.2021 година, до 14.00 часот.
За финансирање ќе бидат земени во предвид само оние предлог-проекти кои се доставени на горенаведениот начин и во дадениот рок.

Каде можам да добијам дополнителни информации?

За сите дополнителни информации можете:
- да ни пишете на електронската адреса: ai@fitr.mk
- да се јавите на телефонскиот број: 02 3145 258

Влада на Република Северна Македонија

ФИТР ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ